<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Усно прераскажување раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределено време (без дефинирање на глаголските времиња)</td><td>Раскажува на зададена тема или на тема по избор, користејќи соодветен вокабулар и употребувајќи глаголи во сегашно и минато време.</td><td>63</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текст „Различни, а сепак исти“ стр. 69. Одговараат на поставени прашања:<br>• Како учениците ја пречекале новата ученичка во нивното одделение?<br>• Од кои причини Јована не посетувала училиште?<br>• Какви рампи се обезбедени за таа да може да посетува настава?<br>• Како ја прифатиле другарчињата новата ученичка?<br>• Како ја разбирате реченицата„ Едноставно различни, а сепак исти?“<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Наставникот ги запознава учениците со значењето на 3 Декември - Меѓународен ден на лицата со посебни потреби.<br><br>- Да се биде различен е нормално!<br>*Преку фотографии соодветни на возраста на учениците се даваат објаснувања и се изведуваат заклучоци за важноста од почитување на различностите и развивање емпатија.<br>*Учениците се насочуваат да раскажат случки од</td><td>учебник<br><br>бела табла<br><br>прожектор<br><br>компјутер<br><br>тетратка</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува на зададена тема со примена на глаголи во сегашно и минато време<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | секојдневниот живот:<br>• Се имате повредено - скршено рака, нога. Раскажете како се чувствувавте кога бевте спречени да извршувате одредени работи.<br>• Познавате лице со некаков вид попреченост. Како се однесувате кон нив?<br>*При раскажувањето наставникот насочува учениците да користат реченици во кои ќе применуваат соодветни глаголски времиња( сегашно или минато време) зависно од раскажувањето на случката.<br>**Пр.** Во нашата зграда живееше едно момче/девојче кое...<br>Јас сакам да помагам на ... бидејќи...<br>Кога бев мал/а јас си играв со едно момче/девојче кое...<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците добиваат насоки за домашна работа да напишат краток состав на тема„ Различни, а сепак исти“ - случка од секојдневниот живот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Креирање едноставни медиумски содржини | Користи различни начини за презентирање информации<br><br>(текст, слика/ фотографија, видео снимка). | 64 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците се искажуваат какви информации може да добијат од овие слики.<br>• Дали може да дознаете што прават луѓето и за што разговараат само преку сликата?<br>• Дали сите во групата имате исто мислење за тоа каква порака се испраќа преку сликата?<br>• Како може да добиеме повеќе информации за тоа што се случува на сликите?<br>✓ Ако има текст под сликата;<br>✓ Ако следиме видео снимка во која ликовите ќе разговараат;<br>   <br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците се поделени во групи. Подготвени се листови за групна работа:<br>**Прва група** - Информација дадена преку текст (**Пр**. Едно девојче имало црно куче како домашно милениче, а нејзината другарка имала аквариум со рипки). Треба да го претстави текстот со слики/фотографии. | слики<br><br>работен лист<br><br>табла/ креда/ маркер<br><br>прожектор<br><br>компјутер<br><br>звучници<br><br>таблети<br><br>мобилни телефони | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Користи различни начини за презентирање информации<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Втора група** - Информација дадена преку слика/фотографија ( Пр. деца на роденденска прослава, Групата треба да напише кус текст (5 реченици).<br>*По презентацијата на учениците се прашуваат дали им беше полесно да ја презентираат ситуацијата со текст или со слика/фотографија.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците во група добиваат задача со помош на телефоните да направат кусо видео (во кое самите глумат) и сосема накусо (со најмногу 4 реченици) да ја опишат ситуацијата што е претставена во него. Секоја група го презентира сработеното пред другите.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо</td>
<td>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви</td>
<td>65</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>*Учениците во парови добиваат задача да запишат зборови кои во себе ги содржат буквите Џ и Ѕ. За одредено време треба да се обидат да пронајдат што повеќе зборови со овие букви.<br>*Наставникот во Т табела ги запишува зборовите на табла од секој пар.<br><table><tr><th>Џ</th><th>Ѕ</th></tr><tr><td>џуџе, џин, џип, џеб, беџ, Ниџе, маџун, џем, џемпер, џамија, оџак, оџачар, Неџмие...</td><td>ѕвонче, ѕид, ѕидар, ѕунѕурка, ѕвезда, ѕуница...</td></tr></table><br>Главен дел – искуствено учење<br>*Учениците прават споредба на печатните букви Џџ, Ѕѕ од кирилицата со латиничните букви Dž,dž и Dz, dz преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви.<br>džemper, džamija, džin, Nidže, Nedžmie, Dzvonko, Džesika, odžak, bedž, Medžitlija, džep, dzvezda, dzvono, …</td>
<td>постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>работен лист</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо.</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *Учениците се насочуваат да кажуваат реченици со изучените букви и истите се запишуваат на табла и во тетратките:<br>• Dževdet se vozi so džip.<br>• Odžakot e isčisten.<br>• Džemile odi vo džamija.<br>• Dzvončeto zadzvoni.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците самостојно работат во работен лист и пополнуваат испуштени зборови.<br>*Предлог активности од Вежбанка за трето одделение од Арс Ламина стр. 28.*<br>Дополни ги речениците користејќи ги зборовите: odžačar, džip, dzvezda, džudžinja, džem, dzidar, dzvonce.<br>а) Ja pročtav bajkata „Snežana i sedumte ________________________".<br>б) Tatko mu na Džengis dzida kuḱi. Toj e ________________.<br>в) Povikavme _______________ da ni go isčisti odžakot.<br>***Насоки за домашна работа:*** Да се важбаат изучените букви во зборови и реченици и да се вежба за читање текстот„ Odžačar“ стр. 41<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви | 66 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Проверка на домашна работа - Штафетно читање на текст со латинични букви„ Odžačar“.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците се насочуваат да го читаат во себе текстот „Gerdan“ и да откријат која буква уште не е обработена.<br>• Дали имавте потешкотии да ја откриете?<br>• Со која буква е слична?<br><br>Ǵerdan<br>Jas i tato rešivme na mama da ì kupime ǵerdan za rodenden. Taa sekogaš nosi ubavi ǵerdani. Go odbravme najubaviot. Po patot kon doma nie dvajca si kupivme po edno toplo ǵevreče. Na mama mnogu ì se dopadna ǵerdanot. Vednaš go stavi na vratot, a biserite bleskaa.<br>*Учениците прават споредба на печатната буква Ѓѓ од кирилицата со латиничната буква Ǵ, ǵ преку постери со печатни букви од кирилица и латиница.<br>*Следат демонстрација на пишување на латинските букви.<br>*Вежбаат пишување во тетратка на зборови и реченици со новите букви. | постер со печатни букви од кирилица<br><br>постер со печатни букви од латиницата<br><br>табла<br><br>маркер/креда<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги препознава печатните букви напишани на латиница и ги поврзува со соодветниот глас.<br><br>Прави разлика меѓу кирилични и латинични печатни букви.<br><br>Правилно пишува мали и големи печатни букви од латиничното писмо. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Ǵorǵi, ǵezve, ǵumbir, laǵa, ǵevrek, ǵum, ǵon, luǵe, ǵerdan, ǵule, Ǵorǵina …<br>. Од зборовите состави реченица и напиши ја со латинични букви.<br>а) ридот, на, Горан, Ѓоре, и, искачија се<br>*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците го читаат текстот „Ǵerdan“ со печатни латинични букви.<br>***Насоки за домашна работа:*** Да се важба пишување со печатни латинични букви и да се дешифрираат зборовите од страна 44.<br>**Рефлексија:**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | Домашни задачи |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви | 67 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Повторување на изучените букви од латиницата.<br>Се разгледуваат текстовите обработени на претходни часови при обработка на печатните букви од латиницата и се поведува краток разговор за содржината.<br>- Hristina i Hristijan - Vo zoološka gradina<br>- Ǵerdan - Odžačar<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Секој ученик се проверува во читање на одреден текст по случаен избор.<br>* Учениците добиваат работен лист со нов текст, треба да го прочитаат тивко во себе и да одговорат на прашањата со печатни латинични букви.<br>**3.** Прочитај го текстот и одговори на прашањата. Пишувај латиница.<br>VO AVTOBUS<br>Vo avtobusot imaše mnogu patnici. Site sedea na svoite sedišta. Vnatre bese toplo.<br>Na stanicata se kačija novi patnici. Fidan pogledna i pobara prazno mesto. No, nemaše.<br>Vo istiot moment, Vlatko i Hristina stanaa od svoite sedišta.<br>– Čičko, sednete ovde. Vie ne treba da stoite.<br>– Vi blagodaram! Vie ste pametni i vospitani deca.<br>а) Koj pobaral prazno mesto?<br>б) Kakvi deca bile Vlatko i Hristina? | табла<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае изучените печатни букви од латиницата<br><br>Чита кратки текстови со печатни латинични букви<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците го читаат текстот и одговорот на прашањата.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови<br><br>тема,<br>порака/идеја,<br>настан,<br>лик,<br>време,<br>место | Одредува тема на прочитан литературен текст<br><br>Го одредува времето и местото на настаните во текстот и ги подредува хронолошки. | 68 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br><br>*Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело „ Шеќерна приказна“ од С. Јаневски.<br>Пред секој ученик или на секоја масичка треба да има примерок од лектирата.<br>Се анализира наслов, корица, илустрации и автор - краток осврт на животот и делото на писателот Славко Јаневски.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците низ насочен разговор и прашања активно учествуваат во анализа на лектирното дело:<br>• За што се зборува во оваа книга? (определување на тема)<br>• Кога се случил настанот?<br>• Каде се случил настанот?<br>• Кои ликови ги среќаваме во приказната?<br>*Преку насочени прашања хронолошки ја прераскажуваат содржината. Може при прераскажувањето да се пушта и аудио запис од расказите од лектирното дело за да се потсетат на некои детали поврзани со ликовите или настаните (на следниот линк) | табла<br><br>примерок од лектирно дело<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>звучници<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува тема на прочитан литературен текст<br><br>Одредува време и место на настаните во текстот<br><br>Хронолошки ги подредува настаните<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | https://rb.gy/42fepo<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците следат насоки за домашна работа.<br>-Да прераскажат најинтересна случка од книгата.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Анализа на литературни текстови<br><br>тема,<br>порака/идеја,<br>настан,<br>лик,<br>време,<br>место</td><td>Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст<br><br>Го опишува изгледот на ликовите во текстот и ги објаснува нивните особини преку прикажаните постапки.<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан</td><td>69</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Два - три ученика читаат од домашната работа која им е најомилена случка од лектирното дело.<br>Главен дел – искуствено учење<br>* Усно ги анализираат ликовите кои се среќаваат во лектирата. Го опишуваат нивниот изглед и ги објаснуваат нивните особини според постапките кон другите. На тој начин издвојуваат позитивни и негативни ликови.<br>*Секој ученик добива работен лист за индивидуална работа во кој одговараат на прашања поврзани со ликовите и нивните постапки.<br>Завршни активности – изведување заклучок<br>* Се поведува дискусија за лектирното дело:<br>• Која порака може да ја извлечеме од оваа книга?<br>• Што ви се допадна во неа?<br>• Дали посакавте Шеќерното дете да се претвори во вистинско дете?<br>Меѓупредметна корелација:За време за продолжен престој или на часот по ликовно образование учениците може да го илустрираат ликот на Шекерното дете.<br>Рефлексија<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да</td><td>табла<br><br>примерок од лектирно дело<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>звучници<br><br>работен лист</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува ликови и го опишува нивниот изглед<br><br>Ги објаснува особините на ликовите преку прикажаните постапки.<br><br>Извлекува порака од содржината<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | литературен текст | | добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови<br><br>тема,<br>порака/идеја,<br>настан,<br>лик,<br>време,<br>место | Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери<br><br>Го одредува главниот настан во текстот.<br>Ги одредува ликовите во прочитан литературен текст. | 70 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Со учениците се поведува разговор за снежните игри:<br>• Која ви е омилена снежна игра?<br>• Со кого најчесто правите Снешко?<br>• Дали сте се обиделе да направите најголем Снешко?<br>• Кој ви помогнал во тоа?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br><br>*Учениците се искажуваат што е необично на сликата истакната на таблата.<br>*Внимателно следат изразно читање на драмски текст „Проблем со Снешко“.<br>*Текст од Вежбанка за трето одделение по македонски јазик од Арс Ламина стр. 68,69.*<br>Одговараат на поставени прашања:<br>• Каква игра решиле да играат Мартин и Каја?<br>• Каков проблем имале при играта?<br>• Зошто снежните топки ги нарединле една до друга?<br>• Што се досетил Мартин?<br>• Што му ставиле на необичниот Снешко?<br>*Учениците добиваат работен лист и се формираат | табла<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава драмски текст<br><br>Одредува главен настан во текст<br><br>Одредува ликовите во прочитан литературен текст.<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | тријади за читање (раскажувач, Каја и Мартин).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците во работниот лист самостојно одговараат на прашањата, а потоа заедно се анализираат.<br>• Каков вид на литературна творба е текстот?<br>• Кои ликови водат дијалог?<br>• Кој проблем се појавил при правењето Снешко?<br>• Напиши ги броевите 1, 2, 3 и 4 за да бидат настаните по ред како во текстот.<br>_______ **Мартин и Каја не можат да ги подигнат големите снежни топки.**<br>_______ **Каја му стави капа и очила за сонце на снешкото.**<br>_______ **Мартин и Каја направија снежна топка за да се користи за главата на снешкото.**<br>_______ **Каја истрча во куќата.**<br>*Меѓупредметна корелација:За време за продолжен престој или на часот по ликовно образование учениците може да го илустрираат необичниот Снешко.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст | 71 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Разговор со учениците како го доживуваат паѓањето на првиот снег секоја зима:<br>• Колку сакате  во зима да паѓа снег?<br>• Какви игри играте на снегот?<br>• Дали носите топла облека додека играте снежни игри?<br>• Што мислите, дали снегот носи радости на  сите живи суштества?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текст,, Снегот носи радости,, од Г. Петревски стр. 79. Одговараат на поставени прашања.<br>• Во кој период од годината се случува настанот во расказот?<br>• Кој многу го сакал снегот?<br>• За што сонувале трите девојчиња?<br>• Кое девојче размислува најразумно?<br>• Дали другите две девојчиња се согласиле со третото девојче?<br>• Дали ти се согласуваш? Зошто? | табла<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Извлекува порака од содржината на прочитан литературен текст<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Кој ќе им помогне на животните и птиците во зима?<br>• Како го продолжиле своето „будно сонување“ за снегот и зимата?<br>*Се формираат групи од по 4 ученици (раскажувач и три девојчиња). Се чита текстот и учениците воочуваат каде се јавуваат улогите за читање на секое од девојчињата, а каде е текстот на раскажувачот.<br>Се запишува краток план за текстот<br>**1. Сонот на трите девојчиња за првиот снег.**<br>**2. Третото девојче е загрижено за животните и птиците во зима.**<br>**3. Луѓето ќе им помогнат да ја преживеат зимата.**<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците се насочуваат да размислат за снегот, дали тој е потребен и корисен или прави штета на природата.<br>• Овој расказ ме натера да размислувам за...<br>• Од овој расказ научив...<br>• Пораката од овој расказ е...<br>*Насоки за усно прераскажување на текстот и подготовка за следнот час.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Усно и писмено изразување и творење</td><td>Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови.</td><td>72</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Преку прашања се проверува колку учениците ја знаат содржината на текстот „ Снегот носи радости“ обработена минатиот час. Прашањата може да бидат истакнати на таблата преку прожектор или на презентација.<br>Главен дел – искуствено учење<br>*Учениците се насочуваат на усно прераскажување на текстот по зададен план.<br>*Планот истакнат на таблата треба да им помогне на учениците хронолошки да ја прераскажат содржината на текстот.<br>4. Три другарки разговарале за првиот снег.<br>5. Загриженото девојче.<br>6. Луѓето ќе се грижеле за животните во зима.<br>7. Девојчињата продолжиле будно да сонуваат за снегот.<br>*Учениците писмено ја прераскажуваат содржината, а наставникот дава дополнителни насоки при работата доколку има потреба.<br>Завршни активности – изведување заклучок</td><td>табла<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>учебник<br><br>тетратка</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно прераскажува текст по зададен план.<br><br>Писмено прераскажува текст по зададен план.<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | * Учениците ги читаат своите писмени состави. Се прави анализа на напишаното и се даваат насоки за подобрување.<br>*Писмениот состав може да се доврши и за време на продолжениот престој на учениците.*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Пишување и користење правописни правила | Пронаоѓа и поправа грешки во пишан текст (неправилен редослед на букви, испуштени букви, неправилно пренесени зборови, погрешни интерпункциски знаци). | 73 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст„ Вообразената точка“стр. 71 со отворен учебник. Добиваат насоки при следењето во учебникот да внимаваат дали некаде е направена грешка при пишување на интерпункциски знаци.<br>Доколку забележат да кажат СТОП со цел да се провери дали навистина има грешки.<br>• *Првата точка што да види Нејзината сосетка трча и се лепи зад секој збор, а не само од крајот од реченицата. Така сакала таа. Сака да заседне зад секој збор, како кралица на престол. А еве како изгледа тоа. Во тетратката за домашни работи, со зададен наслов – „Моето најомилено домашно животно“, составот почнува вака „Моето. Најомилено. Домашно. ивотно. Е. Мачето. Него. Јас. Го. Викам. Маци...*<br>*Учениците се искакажуваат какви грешки забележуваат и како треба да се поправат.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Преку текстот се повторуваат одредени содржини: | учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Препознава грешки во пишуван текст<br><br>Разликува видови реченици и применува соодветна интерпункција<br><br>Дели зборови на слогови<br><br>Учество во изведување заклучоци. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Видови реченици- Составуваат прашална, расказна, извична, потврдна и одречна реченица.<br>• Поделба на зборовите на слогови- Делат зборови од текстот на слогови;<br>• Пишување со печатни латинични букви- Препишуваат реченици по избор со печатни латинични букви.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците следат насоки за повторување и подготовка за полугодишен тест.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

ДНЕВНИ СЦЕНАРИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ДЕКЕМВРИ

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ/ ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо<br><br>Пишување и користење правописни правила<br><br>Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Оценување на наученото<br><br>Пронаоѓа и поправа грешки во пишан текст (неправилен редослед на букви, испуштени букви, неправилно пренесени зборови, погрешни интерпункциски знаци).<br><br>Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 74 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците добиваат работен лист и следат насоки за пополнување на барањата.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Самостојна работа на учениците.<br>Доколку има потреба се даваат дополнителни насоки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Наставникот го прикажуват тестот на таблата(преку прожектор). Се прави анализа на тежината на барањата и се даваат насоки за подобрување.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | Објективен тест од наставник<br><br>Прибор за пишување | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одговори од тест |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Анализа на литературни текстови (тема, порака/идеја, настан, лик, време, место | Го одредува главниот настан во текстот.<br><br>Споредува настани и ликови од прочитан текст со реални ситуации. | 75 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Разговор со учениците за новогодишната елка во нивниот дом.<br>• Каква елка украсувате за новогодишните празници?<br>• Каде ја чувате преку годината?<br>• Што мислите за природните елки? Дали сакате секоја година да китите природна елка?<br>*Учениците се искажуваат за разликата помеѓу природна и вештачка елка.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците внимателно слушаат изразно читање на текстот„ Две ели“ стр. 81. Одговараат на поставени прашања:<br>• Кој е главниот настан во текстот „Две ели“?<br>• Какви биле двете ели?<br>• Каква желба имала првата ела?<br>• Што го замолила втората ела дрвосечачот?<br>• Што се случило со првата ела откога ја украсиле како новогодишна елка?<br>• Што се случило со втората ела?<br>*Читање на текстот од учениците, прераскажување на прочитаниот дел и извлекување на мисла. | табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Одредува главен настан во текст<br><br>Споредува ликови во текст со реални ситуации<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **1. Две ели noселе радост во шумата.**<br>**2. Едната ела сакала да биде новогодишна елка.**<br>**3. Радоста на елата траела кратко.**<br>**4. Другата ела блескала со својата убавина во шумата.**<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Ги опишуваат двете ели и се искажуваат која ела била во право со своето размилсување.<br>Учениците размислуваат која порака можат да ја извлечат од содржината на овој текст.<br>**Елите се природна убавина и дом на многу животни. Нивното место е во планините.**<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Говорење со разбирање | Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација од секојдневниот живот | 76 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Учениците штафетно го читаат текстот„ Две ели“ и одговараат на поставени прашања.<br>• Какви биле двете ели кои растеле заедно?<br>• Што побарала едната ела од дрвосечачот?<br>• Која била нејзината желба?<br>• Како се чувствувала исечената елка?<br>• Што и рекла на својата сестра?<br>• Колку долго траела среќата на новогодишната елка?<br>• Што се случило со неа?<br>• Како се чувствувала елата која останала во шумата?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Секој ученик добива работен лист за анализа на литературниот текст со примена на техниката 3, 2, 1. | табла<br><br>учебник<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно искажува свое мислење за зададена проблемска ситуација<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

*Учениците внимателно следат насоки како да одговараат на поставените барања.

**ТЕХНИКА 3, 2, 1** **Наслов на расказот: Две ели**

| | |
|---|---|
| 3. Работи што ги научив... | |
| 2. Работи што ме интересираат... | |
| 1. Каде ќе го користам тоа што го научив? | |

*Самостојно пишуваат и доколку има потреба бараат дополнителни насоки.
*Учениците ги читаат своите записи и како се искажале по барањата.

**Завршни активности – изведување заклучок**

* Прашање за размислување:

- Дали треба да се украсуваат природи елки за Нова година?
- Што ќе се случи ако сите украсуваме природни елки?
- Што би им порачале на луѓето кои купуваат и китат природни елки?

**Рефлексија**

(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)

- Што правевме денес?
- Што научивте?
- Како можете наученото да го користите во секојдневен живот?

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драмски текст, песна)</td>
<td>Прави разлика меѓу драмски, поетски и наративен текст и ја објаснува разликата преку примери</td>
<td>77</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>* Наставникот кажува гатанки, а учениците ги погодуваат.
<table>
<tr><td>СЕКОЈА НОВА ГОДИНА<br>ИДАМ КАЈ ВАС,<br>НОСАМ МНОГУ СРЕЌА<br>И ПОДАРОЦИ ЦЕЛА ВРЕЌА.</td><td>ШТОМ ЌЕ ПАДНЕ<br>НА ЛИЗГАЊЕ ВЕ ВИКА,<br>БРАШНО НЕ Е,<br>А БЕЛ ТОЈ Е.</td></tr>
<tr><td>СНЕГ ИМА<br>РАДОСТ БЛИКА,<br>ДЕЦАТА НА САНКАЊЕ<br>ТАА ГИ ВИКА.</td><td>СЕКОГАШ Е ЗЕЛЕНА,<br>БИЛО ЛЕТО ИЛИ ЗИМА,<br>ЗА НОВА ГОДИНА УКРАСЕНА<br>ВО СЕКОЈ ДОМ ЈА ИМА.</td></tr>
</table>
Главен дел – искуствено учење<br>*Учениците се подготвуваат за внимателно слушање на драмски текст„ И Дедо Мраз греши“ стр. 83.<br>Одговараат на поставени прашања:<br>• Кои се ликови во текстот?<br>• Како изгледа сцената?<br>• За каде се брзал Дедо Мраз?<br>• Зошто го застанал Сообраќаецот?<br>• Дали се согласуваш со овие реченици кои му ги кажал Сообраќаецот на Дедо Мраз?<br>На улиците, дедо, не се случајни знаците. Треба да ги почитуваат и возачите и пешаците Семафорот не признава никакви грешки, без разлика дали возиш, или</td>
<td>гатанки<br><br>табла<br><br>прожектор<br><br>компјутер<br><br>тетратка<br><br>учебник</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ја објаснува разликата помеѓу драмски и поетски текст<br><br>Воочува римувани зборови во прозен текст<br><br>Учество во изведување заклучоци</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *одиш пешки.*<br>• Дали Дедо Мраз добил казна за својата грешка?<br>• Што му рекол Сообраќаецот да направи?Дали ви се допадна тоа што го побарал од него?<br>*Наставникот истакнува неколку реченици од драмскиот текст на презентација:<br>• Снеже вее, ветар коси, а тој сегде дарови носи.<br>• Треба од место на место да се селиме – подароци насекаде да делиме.<br>• Леле, леле, лелее, колку многу ве има !<br>• Зар не се плашите од страшната зима?<br>*Учениците се искажуваат за истакнатите зборови и каде ги среќаваат зборовите кои гласовно се совпаѓаат(рима во песните)<br>*Се формираат тријади за читање и се даваат насоки за читање и драматизација(Раскажувач, Сообраќаец и Дедо Мраз).*Улогите кои ќе ги читаат ќе треба да се уважбуваат и за домашна работа.*<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците писмено одговараат на прашања:<br>• Кои се ликови во текстот?<br>• Каква грешка направил Дедо Мраз?<br>• Како постапил со него Сообраќаецот?<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Читање со разбирање | Чита текст со соодветна интонација | 78 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Подготвување на сценографија за читање (драматизација на текстот).<br>*Учениците се подготвуваат за соодветно презентирање на улогите.<br>(Дедо Мраз - капа и торба, Сообраќаецот- сообраќаен знак СТОП и капа).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците изведуваат драматизација на текстот со соодветна интонација.<br>*Доколку има потреба при изведување на драматизацијата се даваат насоки за подобрување (изведување на соодветни движења - говор на телото, импровизација доколку се заборави дел од текстот и сл).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Анализа на изведбите и избор на најдобра група изведувачи или најдобри изведувачи на улогите од страна на учениците.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување) | гатанки<br>табла<br>прожектор<br>компјутер<br>тетратка<br>учебник | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Чита текст со правилна интонација и дикција<br>Придонес во изведување на групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ, бајка, басна, драмски текст, **песна**) | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 79 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците добиваат самолепливи стикери. Треба да ја напишат својата новогодишна желба и своето име на ливчето. Стикерите ги лепат на таблата без да ги прочитаат и споделат со другите. Наставникот објаснува дека на крајот од часот ќе се споделат новогодишните желби.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците внимателo слушаат изразно читање на песната„ Новогодишни желби“ од Г. Поповски стр. 87. Откриваат кој е основниот мотив на песната.<br>*Со отворени учебници се искажуваат од колку строфи е составена песната и по колку стихови има во секоја строфа.<br>*Се формиира група од 6 ученици. Секој ученик треба да прочита по една строфа, да ја опише поетската слика и да ги открие римуваните зборови.<br>*Повторно читање на песната од друга група ученици. За секоја строфа(поетска слика) се запишува на таблата по една кратка реченица.<br>**1. Илјадници желби во срце серојат.**<br>**2. Новата година среќа и мир да дарува.**<br>**3. Добро здравје за мама и тато.**<br>**4. Топли гнезда за птиците мили.**<br>**5. Бујни ливади за вредни пчели.** | самолепливи стикери<br><br>учебник<br><br>компјутер<br><br>табла<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на поетска творба<br><br>Определува строфа, стих рима во песна<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **6. Новата година кон успеси да не води.**<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>*Учениците застануваат крај таблата. Секој стикер се чита и се групираат желбите на учениците. **Пр.** Желба за нов велосипед, книга, милениче, патување и сл.<br>Се формираат парови за рецитирање на песната за следниот час.<br>*(Домашна работа- меморирање на песната)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани со латинично писмо | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Пишува диктат со латинични **печатни** и ракописни букви | 80 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците во парови ја рецитираат песната „Новогодишни желби“.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Хорово читање на песната „Nova godina“ од Е. Макazлиева стр. 87.<br><br>NOVA GODINA<br>Točno na polnoќ,<br>štom strelkite se spojat,<br>Nova godina se slavi,<br>sekundi veќe ne se brojat.<br><br>Na site ploštadi<br>ognometi na nebo svetat.<br>Nova godina se slavi<br>milioni želbi se pletat.<br><br>Da sme živi i zdravi<br>vo godinata što ide!<br>Posakuvame na site<br>posreќna da ni bide!<br><br>*Учениците добиваат насоки за пишување на песната со печатни букви од латиницата по диктат.<br>Се појаснува како треба да се пишува песната со цел да се избегнат најчестите грешки кои ги прават:<br>✓ Правилно пишување на секој стих(1 ред);<br>✓ Празен ред помеѓу строфи;<br>✓ Празен простор (1 прст) на почетокот на секој стих<br>Учениците пишуваат по диктат. По секое запишување на строфа, наставникот повторно ја чита за да можат учениците да направат проверка и да пресретнат грешки. Откако учениците ќе ја напишат песната, наставникот ја чита уште еднаш за последна проверка.<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | учебник<br><br>тетратка<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>прожектор<br><br>табла<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Воочува карактеристики на поетска творба: строфа, стих и рима<br><br>Правилно пишува песна по диктат со печатни латинични букви |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | *На таблата преку прожектор се презентира песната и учениците можат да си направат увид како правилно требаше да ја напишат песната.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Усно и писмено изразување и творење | Твори во стих со или без рима на различни теми. | 81 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>*Учениците разгледуваат слика со зимски игри на снег. Со помош на Грозд техника се искажуваат за ЗИМСКИ РАДОСТИ. Наставникот ги запишува зборовите на табла, а учениците во тетратките.<br><br><br>За понудените зборови се насочуваат да смислат и зборови кои гласовно се совпаѓаат (рима).<br>дланка, санка, желби, делби<br>срећа, врећа, тато, бато<br>стаса, вјаса, дојде, ојде<br>влезе, слезе, сјае, трае<br>кратко, слатко, бел, смел<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>*Учениците следат насоки да состават една или две строфи со примена на истакнатите зборови. Секоја строфа да има по четири стиха. Стиховите мораат да имаат смисла и значење.<br>*За да се охрабрат учениците самостојно да творат, наставникот може со еден пар римувани зборови да состави строфа. На пример:<br>**Во град и во село** | табла<br><br>маркери<br><br>креди во боја<br><br>тетратка<br><br>компјутери | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Твори песна во стих со или без користење на римувани зборови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **дојде ладна зима,**<br>**по улица и поле**<br>**сегде снег има.**<br>*Учениците може да пишуваат и песна во акростих- без употреба на рима.<br>*Учениците самостојно пишуваат песна и добиваат поддршка од наставник во насока на подобрување.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>* Учениците ги читаат своите творби. Се прави анализа на прочитаните песни(строфи, стихови и рима).<br>За време на продолжителен престој ја пишуваат песната на компјутер. (Writer)<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Креирање едноставни медиумски содржини | Создава медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка | 82 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>* Со учениците се поведува разговор за тоа како им ја честитаме Новата година на најблиските (родители, брат/сестра, баба/дедо, роднини и пријатели).<br>• Дали пишувате новогодишни честитки?<br>• На кого најчесто ги испраќате?<br>• Дали знаете што значи електронска честитка?<br>• Што содржи таа (слика, текст, видео придружено со музика).<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>* Учениците, поделени во групи креираат медиумска содржина (новогодишна честитка) составена од кус текст кој самите ќе го смислат и фотографии или видео снимка кои самите ќе ги подготват.<br><br>Текстот не треба да биде подолг од 5 реченици, а фотографиите и снимките можат да ги направат со користење на мобилен телефон и со самите нив како усно искажуваат срдечна честитка.<br>*Учениците при креирањето на медиумската содржина организираат и сценографија соодветна на содржината (новогодишни капи, подароци, новогодишна елка и сл.).<br>**Завршни активности – изведување заклучок** | работен лист<br>табла/ креда/ маркер<br>видеобим<br>компјутер<br>звучници<br>хартија во боја<br>колаж<br>слики/фотографии<br>таблети<br>мобилни телефони | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Создава едноставна медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка.<br><br>Активно учество во групни активности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | * Секоја група го презентира сработеното пред другите и си го честитаат со песна последниот заеднички ден во старата година. Искажуваат најубави желби за Новата 2024 година.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |